# DEVELOPMENT OF SME'S FOR REDUCING UNEMPLOYMENT IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

**Robert Dimitrovski, PhD**
Faculty of Management, MIT University, Skopje, Macedonia dimitrovski.r@gmail.com
**Venelin Terziev, PhD**
National Military Academy "Vasil Levski", Veliko Trnovo, Bulgaria terziev@skmat.bg
**Laste Spasovski, PhD**
Vocational Education and Training Centre, Skopje, Macedonia spalaste@yahoo.com
**Liljana Pushova, MSc**
Faculty of Management, MIT University, Skopje, Macedonia liljanapusova@yahoo.com

**Abstract:** The problem of unemployment and the labour market is one of the biggest problems and issues in global frames since the Great Depression in the USA in the 1930s. Republic of Macedonia, as a transitional economy which was transformed from one system into another (from planned to market economy), was faced with the problem of unemployment as one of the most serious social issues, which are to be solved in the future, on the road to EU integration of the Republic of Macedonia. Furthermore, the global economic crisis has caused significant and serious problems in the Macedonian economy, in general, with an influence on the level of unemployment in the country. One of the main prerequisites for a sustainable economic growth and development is reduction of the level of unemployment, which will eventually result in social equality and reduction of the poverty. Certain changes have been made – the level of unemployment in the second quarter of 2016 was 24%. The unemployment level has decreased in the period 2007- to date. However, more than half of the Macedonian citizens consider unemployment as the biggest social problem – bigger than corruption, poverty, ethnic relations etc.
Small and medium enterprises are very favourable for easing unemployment burden. SMEs are an important vital part of one national economy. According to the European statistics, SMEs are approximately 98% of the business in total and employ more than 90 million people. In Macedonia the government pursues SMEs development policy, but the amount of funds shall be bigger in order to pursue the wanted effect. In order to utilize the full potential of SMEs on decreasing unemployment the government has to strengthen the regional and local centres for support of entrepreneurship, expand the network of SME incubators, and support the functioning of the Euro-info centres. Among other matters this requires allocation of additional funds from the budget for support of SMEs. The importance of the SMEs for the national economies increases even more if we consider their characteristics, such as the simple organizational structure, the bigger centralisation in the process of decision-making, the bigger flexibility than the big corporations, more effective and efficient organisation of the work process etc. The SMEs have an impact on the development of the national economies in general, and the effects which arise can be noted in the economic development of the countries, the economic wellbeing of the population through increase of their economic power, increase of the innovations and decrease of the level of unemployment.
**Keywords:** unemployment, SMEs, development policy, social problems

# РАЗВОЈ НА МСП И НАМАЛУВАЊЕ НА НИВОТО НА НЕВРАБОТЕНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Проф. д-р Роберт Димитровски**
Факултет за менаџмент, МИТ Универзитет, Скопје, Македонија dimitrovski.r@gmail.com
**Проф. д-р Венелин Терзиев**
Национална воена академија „Васил Левски“, Велико Трново, Бугарија terziev@skmat.bg
**д-р Ласте Спасовски**
Центар за професионален развој, Скопје, Македонија spalaste@yahoo.com
**м-р Лилјана Пушова**
Факултет за менаџмент, МИТ Универзитет, Скопје, Македонија liljanapusova@yahoo.com

**Резиме:** Проблемот на невработеноста и проблемите на пазарот на труд се едни од најсериозните проблеми и прашања, кои се највидливи после Големата депресија во САД во 1930тите. Република

Македонија, како транзициона економија која се соочи со промена на еден во друг систем (од планска во пазарна економија), се соочи со проблемот на невработеноста, како еден од најзначајните социјални проблеми, кои треба да се решат во иднина на патот на Европска интеграција на Република Македонија. Дополнително, глобалната економска криза предизвика значајни и сериозни проблеми во македонската економија, генерално, со влијание на нивото на невработеност во земјата. Еден од главните предуслови за овозможување на одржлив економски раст и развој е намалување на нивото на невработеност, што во крајна инстанца ќе резултира со социјална еднаквост и намалување на сиромаштијата. Како и да е, во земјата се случиле одредени промени – нивото на невработеност во вториот квартал на 2016 година е 24%. Нивото на невработеност забележува стапка на пад во периодот од 2007 година до денес. Сепак, повеќе од половина од македонските граѓани велат дека невработеноста е еден од најголемите социјални проблеми – поголем од корупцијата, сиромаштијата, меѓуетничките односи и слично.
Малите и средните претпријатија се особено погодни за справување со проблемот на невработеноста. МСП се значаен и витален дел од националните економии. Според европските статистики, МСП претставуваат околу 98% од економиите и вработуваат повеќе од 90 милиони луѓе. Во Република Македонија може да се забележи дека се преземаат одредени чекори за развој на МСП, но фондовите треба да бидат поголеми се со цел да се постигне посакуваниот ефект. Со цел да се искористи максималниот потенцијал на МСП во функција на намалување на нивото на невработеност, треба да се зајакне улогата на регионалните и локалните центри за развој на претприемништвото, да се прошири мрежата на инкубатори за развој на МСП и да се поддржи функционирањето на Еуро-инфо центрите. Покрај се друго, ова значи и алокација на дополнителни фондови од буџетот за развој на МСП. Важноста на МСП за националните економии уште повеќе се зголемува ако се земат предвид нивните карактеристики, како на пример нивната организациска структура, поголемата централизација во процесот на донесување на одлуки, поголема флексибилност во споредба со големите корпорации, поефикасна организација на работните процеси и сл. Треба да се напомене дека МСП имаат влијание на развојот на националните економии генерално и ефектите кои произлегуваат од нивното работење и постоење може да се забележат во економскиот развој на земјата, подобрување на економската благосостојба на населението преку зголемување на нивната куповна моќ, зголемување на бројот на иновации и намалување на нивото на невработеност.
**Клучни зборови:** невработеност, МСП, развојна политика, социјални проблеми

## 1. ЗНАЧЕЊЕ НА МСП ЗА НАЦИОНАЛНИТЕ ЕКОНОМИИ

Развојот, опстанокот и растот на секое општество нераскинливо се поврзани со извршување на некоја стопанска активност заради креирање на определени производи и/или услуги за задоволување на пазарните потреби. Носители на таа стопанска активност се посебните стопански субјекти, односно претпријатијата.Секое од овие претпријатија делува во рамките на неговото национално стопанство/економија, со цел остварување на добивка, односно максимизација на вредноста на сопствениците на капитал.

Последните децении на 20тиот век неминовно создадоа промена на производната филозофија во најразвиените земји и премин од големи корпорации кон мали и средни производни претпријатија. МСП го поттикнуваат и поддржуваат креативниот дух и индивидуализмот, иновативноста и инвентивноста, креативноста и креацијата наспроти стандардизацијата и глобализацијата, кои се поддржани од страна на големите корпорации. МСП стануваат доминантна категорија и доминантен сектор во развиените динамични економии, пред се поради нивните организациски карактерстики, кои овозможуваат голема флексибилност, адаптибилност, проактивност и голема респонзивнст на промените кои се случуваат во опкружувањето, за разлика од големите корпорации кои се инертни и понефлексибилни.

Во однос на диференцијацијата и класификацијата на претпријатијата во однос на нивната големина, законодавствата во државите нудат различни класификации. Според Администрацијата за мал бизнис на САД[1], малиот бизнис се дефинира како бизнис кој има независен сопственик и работи независно, организациски е насочен кон профит и не е доминантен бизнис во своето поле. Во зависност од дејноста, големината на бизнисот се согледува преку бројот на вработени во претпријатието за изминатите 12 месеци или според волуменот на продажбата во период од три години. Некои примери за дефинирање на мал бизнис според овие генерални стандарди се следните:

[1] www.sba.gov

- Во производствената индустрија, мал бизнис се дефинира како бизнис со 500 до 1500 вработени, во зависност од производите кои се произведуваат;
- Во продажбата на големо, мал бизнис е бизнис со 100 до 500 вработени, во зависност од производите кои се продаваат;
- При давањето на услуги, годишниот приход не треба да биде поголем од 2.5 милиони долари до 21.5 милиони долари, во зависност од услугите кои се даваат;
- Во малопродажбата, годишниот приход на претпријатието не треба да биде поголемо од 5.0 до 21 милиони долари, во зависност од производот кој се обезбедува;
- Во градежната индустрија, годишниот приход не треба да надминува 13.5 до 17 милиони долари, во зависност од типот на градбата; и,
- Во земјоделието, годишниот приход не треба да надминува 0.5 до 9 милиони долари, во зависност од земјоделскиот производ.

Во европската регулатива не е ништо толку поразлично во поглед на елементите по кои се дефинира дали еден бизнис е мал или среден. Како и во САД, и овде главни фактори кои дефинираат се бројот на вработени и годишниот приход на претпријатието. Според Европската комисија[2], за мал бизнис се смета претпријатие кое има помалку од 50 вработени и годишен промет помал од 10 милиони евра. И овде, како и во САД, претпријатијата кои ги исполнуваат овие услови се во можност да добијат поддршка од страна на програмите на ЕУ за поддршка на малите бизниси, или да добијат намалување на давачките и побарувањата за административни трошоци. Поддршката која ја добиваат малите бизниси се состои во финансирање на истражувања, компетитивност и иновативност, и слични национални програми за поддршка, кои инаку би им биле недостапни.

Во случајот на Р. Македонија, од 2004 година стапуваат на сила измените во Законот за трговски друштва, со кои Македонија ја прифаќа методологијата на Комисијата на ЕУ за класификација на претпријатијата според нивната големина.Според оваа методологија, врз основа на три критериуми, претпријатијата се класифицираат во микро, мали, средни и големи претпријатија.

Мал трговец е трговецот кој го задоволува првиот критериум и уште најмалку еден од последните два критериуми:

• просечниот број на вработените да е до 50 работници

• годишниот приход да е помал од 2.000.000 евра во денарска противвредност, вкупниот обрт да е помал од 2.000.000 евра во денарска противвредност

• просечната вредност на вкупните средства (во активата) да е помала од 2.000.000 евра во денарска противвредност.

Малите претпријатија најчесто се во индивидуална сопственост и се одликувааат со вложување голем личен напор на сопствениците.

За среден трговец се смета трговецот кој го задоволил првиот критериум и најмалку еден од вториот и третиот од следниве критериуми:

• просечниот број на вработените да е до 250 работници

• годишниот приход да е помал од 10.000.000 евра во денарска противвредност

• просечната вредност на вкупните средства (во активата) да е помала од 11.000.000 евра во денарска противвредност.

Во Р. Македонија, бројот на МСП особено се зголемил во периодот од 1990 до крајот на 1993 година, потоа се намалил, па повторно се зголемил по 1996 година. Во 2001 година, поради политичката нестабилност, во земјата речиси и да не се формирале нови МСП. На крајот на 2004 година во земјата имало регистрирани 172 297 мали и средни претпријатија. Меѓутоа, повеќето од нив биле неактивни претпријатија, односно не остварување приход, немале вработени работници и не извржувале плаќања. Активни биле само 49 123 мали и средни претпријатија[3]. На почетокот на 2012 година, од бројот на активни претпријатија (73 118), 99.7% односно 72 993биле мали и средни претпријатија. Според ова, тие имале доминантно учество во БДП и во вкупната вработеност во бизнис секторот (над 75%).[4]

Во следната табела може да се забелеѓи трендот во промената на бројот на активни деловни субјекти од 2011 до 2015.

[2] http://ec.europa.eu/enterprise/policies/sme/facts-figures-analysis/sme-definition/

[3] АППРМ, Опсерваторија за МСП во Република Македонија, *Извештај за 2004*, Скопје, октомври 2005.

[4] ДЗС на Република Македонија, Соопштение бр. 6.1.12.13. од 24.2.2012

Табела бр. 1 *Активни деловни субјекти во Р. Македонија (2011-2015)*[5]

| | |
|---|---|
| 2015 | 70 139 |
| 2014 | 70659 |
| 2013 | 71290 |
| 2012 | 74424 |
| 2011 | 73118 |

Извор: ДЗС, Р. Македонија

Според податоците кои се достапни од страна на Државниот завод за статистика во Р. Македонија, во 2015 година активни биле 70 139 деловни субјекти. Податоците за структурата на активните деловни субјекти според бројот на вработени покажуваат дека најголемо учество (80.2%) имаат субјектите со 1-9 вработени лица. После ова следат претпријатијата без вработени или претпријатијата со неутврден број на вработени (без податок за вработени) со 10.4%. Субјектите со 10-19 вработени се застапени во процент од 4.3%. Учеството на претпријатијата со 20-49 вработени изнесува 2,8%, а со 1,9% учествуваат претпријатијата со 50-249 вработени. Само 0.3% од деловните субјекти кои се активни имаат повеќе од 250 вработени.

Според ова, во 2015 година малите и средни претпријатија претставуваат 99.7% од вкупниот број на активни деловни субјекти, односно околу 69 930 претпријатија.

Според овие податоци, важноста на МСП е огромна. Тие се двигател на националната економија и вработуваат голем број од работоспособното население.

## 2. НЕВРАБОТЕНОСТА И МСП

Ако се земат предвид податоците од Државниот завод за статистика во Р. Македонија, може да се заклучи дека МСП, поради учеството од 99.7% во вкупниот број на активни деловни субјекти, вработува најголем дел од работоспособното население. во земјата.

Како и да е, ако го анализираме процентот на невработеност во земјата, ситуацијата во дадениот период на анализа (2011-2015) е следна.

Табела бр.2 *Просечна годишна стапка на невработеност (2011-2015)*[6]

| | |
|---|---|
| **2011** | **31.2%** |
| **2012** | **31 %** |
| **2013** | **29 %** |
| **2014** | **28.02 %** |
| **2015** | **26.05%** |

Извор: ДЗС, Р Македонија

Во 2016 година, во првиот и вториот квартал невработеноста изнесува 24.5, односно 24.0%, во просек 24.25 %. Во овој период е постигната најниската стапка на невработеност во испитуваниот период.

Како и да е, може да се направи компарација и да се увиди импактот на бројот на активни деловни субјекти врз стапката на невработеност.

[5] http://www.stat.gov.mk/IndikatoriTS.aspx?id=22
[6] http://www.stat.gov.mk/IndikatoriTS.aspx?id=14

Табела бр. 3 *Корелација меѓу број на активно деловни субјекти и стапка на невработеност (2011-2015)*

| Година | Број на активни деловни субјекти | Стапка на невработеност |
|---|---|---|
| 2011 | 73 118 | 31.2% |
| 2012 | 74 424 | 31% |
| 2013 | 71 290 | 29% |
| 2014 | 70 659 | 28.02% |
| 2015 | 70 139 | 26.05% |

Извор: Сопствени пресметувања врз основа на достапните информации од ДЗС

Ако ја анализираме корелацијата помеѓу бројот на активни деловни субјекти и стапката на невработеност во периодот од 2011 до 2015 година може да се заклучи дека бројот на активни деловни субјекти не е единствениот фактор за намалување на стапката на невработеност во земјава; не постои конзистентност меѓу бројот на активни претпријатија и намалувањето на невработеноста. Од достапните податоци може да се забележи дека бројот на активни деловни субјекти е во пад и има надолна тенденција во периодот 2011-2015. Во тој период се забележува и надолна тенденција на стапката на невработеност, односно од 31.2% е намалена на 26.05%. Во случајот бројот на активни деловни субјекти ни се намалува, а исто и невработеноста. Доколку бројот на активни деловни субјекти беше најголем предуслов за намалување на невработеноста, би требало бројот на активни претпријатија да расте.

## 3. УЛОГА НА ЦЕНТРИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА МСП И БИЗНИС - ИНКУБАТОРИТЕ

Паралелно со процесот на раст на бројот на МСП и нивниот развој, се наметнува и потребата од институционална поддршка за истите. Поради ова, во 1997 година со поддршка на програмата PHARE во Р. Македонија е формирана Националната агенција за поддршка на малите и средните претпријатија (НЕПА), која функционирала во рамки на Агенцијата за приватизација. Подоцна во 1998, НЕПА добива статус на посебно правно лице. Во 2002 година се укинува финансиската поддршка па така НЕПА се трансформира во Агенција за поддршка на претприемништвото во Р. Македонија. Функциите на Агенцијата за поддршка на претприемништвото се слични со функциите кои ги имала НЕПА. Дополнително, во Р. Македонија постојат и други форми на поддршка на МСП, како на пример Агенцијата за поддршка на претприемништвото во Пелагоднискиот регион, локални канцеларии за развој во склоп на локалните самоуправи, Македонскиот деловен центар, Македонската банка за поддршка на развојот и сл.

Покрај овие инситутуционални центри за развој на малите и средните претпријатија, значајна за поддршка на развојот е и улогата на бизнис – инкубаторите, кои во Р. Македонија првпат започнале да се основаат во периодот 1993-1994, финансирани преку проекти од Светската Банка. Сепак, во денешните услови на делување, улогата на бизнис инкубаторите во Р. Македонија е минорна и воопшто не може да се зборува за нивната значајност, во споредба со развиените земји, каде тие имаат многу големо влијание. Во некои од развиените земји се формирани и посебни министерства за мали и средни претпријатија, чијашто основна цел е институционална поддршка на МСП.

Дополнително, еден од основните проблеми што се јавуваат кај МСП се и изворите на финансирање, бидејќи општо познато е дека МСП имаат отежнат пристап до капитал, пред се поради ризик факторите како постоење асиметрични информации, организациски проблеми и слаб менаџмент поради двојната улога на сопственикот на капитал, краткиот век на постоење и неможноста да се анализира финансиското работење во претходните години и сл.

## 4. ПРЕПОРАКИ

МСП може да дадат поголем придонес во процесот на намалување на невработеноста во Р. Македонија. Тие претставуваат најголем двигател на македонската економија и треба да им се обрне поголемо внимание. Во функција на тоа, треба да се зајакне институционалната поддршка на МСП преку:

- Креирање на политики за поддршка на МСП;
- Креирање на стратегии за поддршка на МСП;
- Развој на инситутуции за поддршка на МСП;

Основната задача на институционалната поддршка е обезбедување на консалтинг услуги, едукација, споделување на информации и сл., за непречено функционирање, раст и развој на МСП. Самата институционална рамка сама по себе е далеку од доволна за развој на МСП, но надополнета со економските политики, легислативата, опкружувањето и националните стратегии може да биде добра основа за тоа.

Во Р. Македонија веќе постои национална Агенција за поддршка на претприемништвото. Улогата на националната Агенција за поддршка на претприемништвото се состои во следново: имплементација на владините политики во секторот на МСП; давање конкретни предлози на владата, поврзани со развојот на секторот на МСП; анализа на ситуацијата во секторот на МСП и релевантното окружување; координација на националните партнери и програми за поддршка на малото стопанство и програми за поддршка на малото стопанство финансирани од донатори; изработка на годишен преглед за состојбата во секторот на МСП; обезбедување локални услуги за деловно советување на МСП; зголемување на конкурентноста на МСП секторот и сл.

Понатаму, значајни се и регионални агенции за развој на претприемништвото, организирани во форма на локални центри за развој (ЛЕР), кои имаат регионален карактер и нудат главно нефинансиски услуги. Во теорија, постојат и бизнис инкубатори, но нивната улога е маргинална и во иднина треба многу да се работи во оваа насока.

Треба да се обрне внимание и на еуро-инфо кореспондентски центри и еуро-инфо регионални регионални центри, кои за земја како Макеоднија која е на патот на интеграција во ЕУ се многу важни, пред се поради тоа што еуро-инфо центрите функционираат како медијатори меѓу ЕУ и субјектите во определен регион. Потребата од постоење на еуро-инфо центрите е особено нагласена и од самата ЕУ со цел да го поттикне економскиот развој и пазарната конкурентност на МСП.

Од големо значење за растот и развојот на МСП може да бидат и стопанските комори, образовните институции, претприемачките здруженија и други институции за поддршка на МСП, како невладини организации, консултантски мрежи, слободни зони итн. Значењето на образовните установи за развој на претприемништвото може да се согледа преку промоција на претприемништвото, поддршка и развој на претприемничката култура, развој на нови технологии, креирање на нови идеи и знаења и ресурсен центар за МСП, нудење на стручна и експертска помош и слично.

Во Република Македонија треба да се обезбеди конзистентно и хомогено делување на сите овие субјекти со цел да се поттикне развој на малите и средните претпријатија. Ова не мора да значи дека треба да се зголеми бројот на МСП, поради тоа што и во овој момент тие претставуваат огромен удел во бројот на активни деловни субјекти, туку дека треба да помогнат на секој можен начин да се подобри нивното работење.

МСП во една мала национална економија како нашата претставуваат и еден од најважните елементи на пазарот на труд и вработуваат голем процент од работоспособното население.

## 5. ЗАКЛУЧОК

Проблемот со невработеноста, како еден од најголемите социјални проблеми во модерните економии, се јавува како значаен проблем и во случајот на Р. Македонија. Постојат многу социјални програми и методи за справување со невработеноста на населението. Еден од нив е раст и развој на малите и средните претпријатија, како круцијални двигатели на економскиот раст и економската моќ на националните економии. Во Р. Македонија, според податоците на ДЗС, малите и средните претпријатија се застапени со 99.7% во вкупниот број наактивно деловни субјекти. Според ова, тие се еден од најголемите производители на работни места во државата. Сепак, според податоците на ДЗС за периодот кој е предмет на анализа може да се забележи дека во периодот од 2011 до денес бројот на активни деловни субјекти бележи тренд на намалување, а во истиот период процентот на невработено население исто така се намалува, односно постои правопропорционална врска. Намалувањето на невработеноста во Република Македонија преку зајакнување на улогата на МСП може да се оствари преку промена на стратегијата и политиките за поддршка на МСП, институционална поддршка, еуро-инфо

кореспондентски центри, бизнис инкубатори, образовните институции, невладините организации, стопанските комори и слично. Тие треба да покажат конзистентност и хомогност во работењето, да го поддржат растот на МСП, а со тоа и да придонесат кон намалување на невработеноста во Македонија.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

[1] Arandarenko, M., & Bartlet, W. (2012). Labour Market and Skills in the Western Balkans. FREN-Foundation for the Advancement of Economics Belgrade, November, 2012., from http://www.lse.ac.uk/europeanInstitute/research/LSEE/PDFs/Skills&thelabourmarket.pdf
[2] APPRM, Observatory for SMEs in Republic of Macedonia, *Report for 2004*, Skopje, October 2005
[3] Employment Agency of the Republic of Macedonia, "Policies and measures for employment", : http://www.avrm.gov.mk/
[4] State Statistical Office of the Republic of Macedonia: http://www.stat.gov.mk/
[5] State Statistical Office of the Republic of Macedonia, Statement No.6.1.12.13 from 24.2.2012
[6] http://www.stat.gov.mk/IndikatoriTS.aspx?id=14, accessed on 25.11.2016
[7] http://www.stat.gov.mk/IndikatoriTS.aspx?id=22, accessed on 23.11.2016
[8] http://www.sba.gov
[9] http://ec.europa.eu/enterprise/policies/sme/facts-figures-analysis/sme-definition/, accessed on 20.11.2016